Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 02.06.2020

На 01.06.2020 во 13.45 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Козле" ја лишиле од слобода Д.Ц.(19) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај неа била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против неа ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.06.2020 во 20.10 часот, полициски службеници од СВР Скопје во с.Драчево, на место викано „Три круши", ги лишиле од слобода Д.Г.(37), О.С.(24), Н.Ѓ.(21) и 17 годишник, сите од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.06.2020 во 22.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје во Градскиот парк го лишиле од слобода Љ.Т.(23) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.06.2020 во 22.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Козле" ги лишиле од слобода М.М.(32) и Т.Г.(20), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.06.2020 во 18.40 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Горче Петров", при извршен преглед кај А.А.(24) од Скопје пронашле нож на расклопување. Тој бил приведен поради сомнение за сторен прекршок од Законот за оружје. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.06.2020 во 21.40 часот на паркинг простор од хотел на Попова Шапка полициски службеници од Полициско одделение Попова Шапка го лишиле од слобода М.А.(33) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.06.2020 во 14.10 часот било пријавено дека на регионалниот пат Старо Нагоричане - Граничен премин „Пелинце", на место викано „Змејковец", товарно возило „ман", со тетовски регистарски ознаки, управувано од Х.А.(30) од Куманово, излетало од патот и удрило во жичана ограда. По незгодата, сопатникот Р.Р.(41) од Куманово бил пренесен во Општата болница Куманово за укажување на лекарска помош, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Куманово.

На 01.06.2020 во 14.50 часот било пријавено дека на крстосницата од бул. „Партизанско Одреди" и ул.„Аминта Трети" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „бмв", со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Б.(28) од Скопје и мопед „пјаџо", со скопски регистарски ознаки, управуван од А.М.(59) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 01.06.2020 во 19.40 часот било пријавено дека на ул.„Железничка" во Штип патничко возило „бмв", со штипски регистарски ознаки, управувано од Т.С.(38) од Штип, излетало од патот и се превртело. Во незгодата, возачот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Штип, каде бил префрлен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа на СВР Штип.

На 01.06.2020 во 16.00 часот било пријавено дека на бул.„Кузман Јосифоски-Питу" во Скопје непознато патничко возило удрило во пешакот Ц.Б.(80) од Скопје, по што го напуштило местото на настанот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила Ц.Б., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде била пренесена за укажување на лекарска помош. Се работи на расчистување на случајот.

На 01.06.2020 во 21.50 часот било пријавено дека на ул.„Ѓорѓи Соколов" во Кавадарци мотоцикл „балтијан", без регистарски ознаки, управуван од Б.П.(47) од Кавадарци, удрил во ограда од куќа. Во незгодата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Кавадарци, каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кавадарци.

На 02.06.2020 во 05.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во близина на угостителски објект и градинка на ул.„Архиепископ Досиеј" во Скопје едно лице пукало од огнено оружје кон К.Т.(24) од Скопје, кој управувал мотоцикл, при што бил повреден во пределот на ногата. Тој бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје, при што на местото биле пронајдени и подигнати шест чаури од муниција за пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во текот на 01.06.2020 на подрачјето на СВР Скопје санкционирано е едно возило, бидејќи било нерегистрирано, а 51 возило е подигнато со специјално возило „пајак".

На 31.05.2020 околу 10.00 часот во СВР Велес, Г.Н.(71) од Велес пријавил дека на ул.„Благој Ѓорев" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 01.06.2020 околу 10.00 часот, полициски службеници од СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода Х.З.(38), Х.А.(39), Ј.А.(19), Р.А.(34) и Н.З.(19), сите од гостиварски Градец, поради сомнение за „пустошење на шуми", пријавено на 30.05.2020 на подрачјето на Полициското одделение Галате. Тие биле задржани во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.06.2020 во 23.06 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 22.30 часот на паркинг позади трговски центар во нас. Ново Лисиче, три лица кои биле со патничко возило, со истрел од пиштол застрелале куче скитник. Полициски службеници извршиле увид на местото на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2020 околу 19.30 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул. „Партизанска" во Штип, по вербална расправија, 17-годишник од Штип со нож му нанел повреди на Н.А.(19) од Штип. Н.А. бил пренесен во Клиничката болница Штип, каде му била укажана лекарска помош. Малолетникот бил приведен и задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.06.2020 во 02.30 часот во СВР Скопје, С.П.(45) од Скопје пријавил дека на 01.06.2020 околу 23.15 часот на крстосница од ул.„Иван Хаиниколов" и ул.„Киро Фетак" неговиот 14- годишен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2020 во 14.30 часот во СВР Скопје, В.Т.А.(47) од Скопје пријавила дека околу 13.40 часот во маркет на ул.„Александар Удајвски", каде била вработена, по претходна расправија, била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2020 во 16.10 часот во Полициската станица Неготино, С.С.(35) од с.Тремник, неготинско, пријавил дека околу 15.50 часот, пред продавница во с.Тремник, К.С.(33) физички го нападнал неговото десетгодишно дете. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.06.2020 во 14.00 часот во Полициската станица Кавадарци било пријавено дека на ул.„Браќа Џунови" во Кавадарци, од тераса на куќата во која живее, паднало седумгодишно дете и се здобило со повреди, по што било пренесено во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.06.2020 во Полициската станица Кичево, Ф.М.(46) од кичевското село Стрелци пријавил дека на ул.„Тане Цалески" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 01.06.2020 во 12.00 часот во Полициската станица Карпош, од Јавната установа за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение било пријавено дека се оддалечила нивната штитеничка М.Е.(17) од Скопје, која и претходно во неколку наврати се оддалечувала од установата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Ѓ.Н. (40) од Скопје, моментално на издржување казна затвор во Казнено-поправната установа Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Во мај 2019 година, при претрес во просторијата каде бил сместен, затворските чувари пронашле и одзеле марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Т.Б.(51) од с.Слатино, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас". На 20.02.2020, полициски службеници во координација со електромонтери од ЕВН Македонија, извршиле увид во куќата на пријавениот во с.Слатино, при што било констатирано дека тој незаконски се приклучил на електричната мрежа, така што бесправно пуштил кабел од дрвениот столб, сопственост на ЕВН, до неговата куќа и до куќата на неговиот брат, и на тој начин користел неограничена количина на електрична енергија, оштетувајќи ја ЕВН Македонија за сума од 12.447 денари.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Т.С.(38) од с.Враништа, струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавениот, во својство на сопственик и инвеститор, на локација во с.Враништа, во текот на 2019 година, спротивно на основен проект и без соодветно одобрение, започнал со изградба на објект за стопанска дејност.

СВР Струмица, СВР Битола, СВР Охрид и СВР Штип поднесоа 45 кривични пријави против: С.М.(48), Ѓ.С.(37), Р.Ф.(20), М.С.(46), С.Ѓ.(31), И.С.(30), Д.С.(29), сите седум од Гевгелија, С.Ш.(51) од Нов Дојран, М.С.(28) од Скопје, Е.К.(38) од Богданци, М.В.(65) од Кавадарци, Д.П.(52), Н.Б.(43) двајцата од Битола, А.Џ.(25) од с.Црнилиште – Долнени, Ј.Ф.(25), И.Ш.(53), С.Џ.(35), тројцата од Прилеп, М.Д.(45) од Струга, Љ.Ч.(40) од Струга - со потпишана изјава за самоизолација и при контрола не бил затекнат во неговиот дом, Ф.А.(57), Т.А.(42), О.Д.(22), А.С.(40), Д.Ш.(34), Х.Д.(25), Е.С.(25), Г.М.(31), С.Д.(33), Н.А.(24), Ј.Ѓ.(57), Р.М.(18), сите 12 од Штип, А.Р.(18) од Велес, П.Л.(68) од с.Бигла, делчевско, Б.Б.(29), Н.Е.(25), К.С.(32), С.Б.(34), сите четири од Струга, И.Б.(39), Б.Х.(19), двајцата од с.Лабуништа, струшко, М.З.(60), М.И.(65), двајцата од с.Велешта, струшко, А.Ш.(32) од с. Долно Татеши, струшко, К.И.(56) од с.Коџајник, дебарско, Д.Д.(21), У.М.(20), двајцата од Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење.

Секој лут и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет